


# ФЕВРУАРИ 2026

# **МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ** ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229



# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Пазарите на капитал продолжија со солидни перформанси и во февруари како резултат на умерената инфлација и сигналите за идно олабавување на монетарната политика од страна на водечките централни банки. Дивергенцијата продолжи, при што инвеститорите ги пренасочија своите портфолија кон потценетите азиски и европски пазари, барајќи поголема вредност надвор од доминантните американски индекси. Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот оствари раст од 1,20% и од почетокот на годината со принос од 4,15%. Регионални индекси во најголем дел, исто така завршија на позитивната страна, при што највисок принос остварија азиските акции прикажани преку индексот MSCI Asia – Pacific кој изнесуваше 6,75% и за овие два месеци достигна високи 14,80%. Веднаш по него следат акциите од пазарите во развој преку индексот MSCI Emerging Market со месечен раст од 5,41% и значителни 14,69% од почетокот на годината. Раст оствари и европскиот индекс STOXX 600, додека американскиот индекс S&P 500 се најде на негативната страна со пад од 0,87%, но сепак, зачувувајќи го позитивниот принос од 0,49% за изминатите два месеци од оваа година.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

Извор: Блумберг




# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во февруари, МБИ 10 индексот го прекина негативниот тренд, забележувајќи месечен раст од 1,72%. Со овој позитивен принос за месецот, кумулативниот принос од почетокот на годината изнесува 0,89%. Од компаниите кои се дел од индексот, значителен раст од 20,15% во текот на февруари забележа Македонски Телеком, кој покажа силни финансиски резултати за минатата година, а се издвојува и со најголем принос од почетокот на годината кој изнесува 9,70%. Висок раст во текот на месецот оствари и НЛБ Банка од 5,61%. Спротивно на ова, на негативната страна и со најголем пад изминатиот месец беше Стопанска банка, кој достигна 6,49% и од почетокот на годината е –3,88%. Пад оствари и Гранит од 2,09%, а од почетокот на годината е –4,46%.




Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Пазарот на должнички инструменти во февруари забележа општо намалување на приносите кај водечките економии, што ја одразува растечката доверба на инвеститорите во дезинфлаторниот процес и очекувањата за полабава монетарна политика на глобално ниво. Овој надолен тренд беше присутен кај повеќето анализирани пазари, сигнализирајќи адаптација на инвеститорите кон променетите макроекономски очекувања. На крајот од месецот, меѓу анализираните инструменти, највисоко ниво на принос од 4,82% има македонската државна обврзница, додека швајцарската обврзница го задржа статусот на најниско приносна со стапка од 0,21%.

## Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




* Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање: **21.01.2034**

Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во февруари, девизниот пазар покажа мешани резултати во однос на еврото. Најголем месечен пораст оствари австралискиот долар од 2,52% и најголем раст за овие два месеци од 6,02% кумулативно. Позитивен тренд во месецот имаа и кинескиот јуан и швајцарскиот франк, кои исто така се позитивни од почетокот на годината. Наспроти нив, британската фунта и руската рубља забележаа пад во текот на месецот од 1,18% и 0,90%, соодветно. Валутните осцилации продолжуваат да бидат под силно влијание на различните пристапи на централните банки во водењето на монетарната политика. Трендовите во наредниот период ќе зависат од квалитетот на економските податоци и јасноста на пораките кои клучните институции, како ФЕД и ЕЦБ, ќе ги упатат до пазарот.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




Извор: Блумберг     Лектор: Каролина Накова